**Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП)**
**објавува**

## ПОВИК ЗА ПРАКТИКАНТИ

во рамките на проектот

**Промовирање на општествена отчетност на локално ниво**
**Финансиран од Развојната програма на Обединетите нации (УНДП)**

Проектот Промовирање на општествена отчетност на локално ниво финансиран од УНДП има за цел да промовира интегритет, квалитет на услугите и намалување на корупцијата на локално ниво преку напредни и иновативни технолошки решенија за учество и зајакнување на граѓаните. Во рамките на овој проект, ќе биде изготвена иновативна софтверска алатка за општествена отчетност, која ќе ја промовираат практиканти вопет општини во Република Македонија: Тетово, Босилово, Илинден, Дебар и Центар. Описот на задачите на практикантите може да го најдете овде. На практикантите за успешно завршените обврски ќе им биде доделен сертификат од општината.

**Услови кои треба да ги исполнуваат заинтересираните лица за практиканти:**

- Да се студенти или што туку дипломирани на општествени науки или информатички технологии;
- Да не се постари од 26 години;
- Да се заинтересирани за темата добро владеење или поточно за концептите на интегритет, транспарентност и отчетност во управувањето на јавниот сектор;
- Да имаат активно познавање на англискиот јазик;
- По можност да се жители на некоја од петте општини: Тетово, Босилово, Илинден, Дебар и Центар.

**Заинтересираните кандидати можат да се пријават најдоцна до 20.08.2014 година, по електронски пат на следнава е-маил адреса: crpm@crpm.org.mk**Ќе бидат контактирани само успешните кандидати.

**Пријавата треба да ги содржи следниве документи:**

- назнака за која општина се пријавува кандидатот
- кратка биографија на студентот,
- податоци за контакт и место на живеење и
- есеј од 300 зборови за важноста на учеството на граѓаните во креирањето на политики и одлучување на локално ниво.